# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од петтото продолжение на Педесет и петата седница на

Собранието на Република Македонија,

одржана на 11 мај 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, (сала број 1) со почеток во 15,55 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Педесет и петата седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Нелко Стојановски, Ванчо Георгиев, Орданчо Тасев, Петар Наумовски и Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Али Ахмети, Џезаир Шакири и Теута Арифи ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Застанавме на 24-та точка Предлог за донесува на закон за изменување и дополување на Законот за кривичната постапка.

Застанавме во средина на претресот, значи продолжуваме со претресот.

Кој бара збор?

Има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеинци, почитуван министре, денеска на дневен ред е еден од поважните закони, а тоа е законот за кривична постапка. Го поздравувам носењето на законот во две фази, а тоа ќе придонесе за негово подобро разработување и донесување. Се надевам дека сите забелешки и предлози од страна на работните тела на Собрнаието и од пратнеиците ќе допринесат за подобрување на текстот на законот и ќе бидат земени во предвид од страна на Владата во конечниот текст на законот. Претходно во расправата министерот даде образложение за донесувањето на законот, а моите колеги пратеници кои тогаш дискутираа ги искажаа своите забелешки. Но, јас ќе ги дадам моите забелешки по предлогот за донесување на закон за изменување и дополнвуање на Законот за кривична постапка.

Прва моја забелешка е дека кога се менуваат повеќе од половина членови на закон треба да се пристапи кон изработка на нов текст на закон, а не кон измена и дополнување на Законот. Мислам дека тоа го има предочено изготвувачот на законот и е предложен членот 198 со кој се задолжува ЗПК да утврди пречистен текст на Законот. Но, сметам дека пречистениот текст не е избор на право и во наредниот период кога се предлагаат закони кога имаат голем број на измени, мислам дека треба да се прави нов закон. Претходно Предлогот на законот беше разгледуван на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и на ЗПК чиј што член сум и јас и на истите се водеше плодна и успешна расправа на предлогот на законот за кривична постапка за што се доставени извештаи со конкретни забелешки и предлози кои се надевам дека Владата ќе ги има во предвид при изготвувањето на конечниот текст на законот. Но, пред се треба да се истакне дека има уставен основ за негово донесување и дека начелата врз кои се заснова Предлогот на закон за кривична постапка се во согласност со Уставот и правниот систем.

Но, сега ќе се осврнам на причините за неговото донесување. Според мене мислам дека има 6 причини. Прво, Законот за кривичната постапка е донесен во 1997 година, а измени и дополнувања извршени се во 2002 година, кога се извршени усогласувања на Законот со амандманот 5 на Уставот на Република Македонија во однос на употребата на јазикот на припадниците на заедниците во кривична постапка.

Втората причина, потребата за остварување на преземените обврски за спроведување на интензивни евикасни и континуирани реформи со кои во националното законодавство се вградуваат Европските стандарди, како и нашата стратешка цел за членство во Европската унија. Се налага потребата за донесување на овој закон. Борбата против организираниот криминал, корупцијата, перењето на пари, недозволената трговија со луѓе, недозволена трговија со оружје и дрога и други тешки форми на кривични дела ја налага потребата од измени и дополнување на Законот за кривична постапка за натамошно дорградување на нормативните решенија во кривичната постапка, изнаоѓање на ефикасни инструменти со кои ќе се овозможи брзо и ефикасно откривање, гонење и судење на сторителите на кривични дела, а со единствена стратешка цел сузбивање на криминалитетот во земјата. Исто така, обврска на Република Македонија е да ги вгради сите одредби од меѓународните договори и конвенции кои ги има ратификувано, а се однесуваат на оваа обалст, бидејќи тие се дел од нејзиниот правен поредок. За мене еден од

основите за донесување на овој закон е  и амандманот 19 на Уставот на Република Македонија со кој се легализира прислушкувањето, но под определени услови и во постапка утврдени со закон. Овој уставен амандман претставува еден од основите за воведување на посебните истражни мерки во Законот.

И на крај, стратешката определба на Република Македонија за влез во ЕУ и борбата против новите облици на организираниот криминал ја наметнуваат потребата за усогласување на Законот со Европското законодавство. Во однос на предложените решенија во законот и на самиот закон им давам целосна поддршка од причина што со него прецизно се уредуваат прашањата на уредувањето на односите во кривичната постапка. Сметам дека со овие предвидени законски норми ќе имаме поефикасна и побрза кривична постапка, односно ќе имаме ефикасни инструменти за брзо и ефикасно откривање, гонење и судење на сторителите на кривични дела. И затоа му давам целосна поддршка на овој закон кој сметам дека е доста квалитетно изработен.

Но, имам и некои забелешки за кои ќе се осврнам малку подоцна. Позитивно што можев да го забележам во предложениот закон се вградените  инструменти кои ќе овозможат зголемување на ефикасноста во превенцијата и сузбивањето на криминалитетот, подобрување на квалитетот на истрагите и документирањето на криминалните активности, откривањето и пријавувањето на сторителите, како и олеснување на меѓународната соработка, на постапката за трансфер на осудени лица. Позитивно ги оценувам и решенијата во законот со кои се предвидени куси рокови за одлучувања и за превземање на определени процесни дејствија во целост со што ќе се допринесе за забрзување на постапката, а не како што беше досега постапката можеше да се одолговлекува. Исто така, со цел забрзување на постапката предвидени се решенија за доставата во членовите од 35 до 40 што сметам дека се добри решенија во однос на досегашните. Но, не сум за алтернативата на членот 35. Добро е решението во членот 40 со кое се задолжува Судот секој работен ден по електронски, или на друг начин да им овозможи пристап до евиденцијата за закажаните претреси на сите учесници во постапката. Позитивно во новите законски норми е тоа што се воведуваат посебни истражни мерки кои овозможуваат прибирање на податоци и докази неопходни за успешно водење на псотапката. Се зајакнува улогата на јавниот обвинител и истражниот судија во постапката и детално се уредуваат условите и начинот на нивното превземање и ефектите од доказите добиени во нивната примена. Но, сакам да дадам забелешка на членот 49 каде се регулира, ако постојат основи за сомневање дека е извршено

кривично дело за кое се гони по службена должност, Министерството за внатрешни работи е должно да ги преземе потребните мерки, да се пронајде сторителот на кривичното дело. Се согласувам со сите предвидени мерки што ќе ги преземе МВР, но барам од предлагачот објаснување на одредбата со која МВР може да употреби разумна сила само како крајно средство ако тоа е нужно за да се изврши преглед, или претрес на лицето, превозното средство. Се прашувам, која е таа разумна сила, кој ќе цени која е таа разумна сила. Ова останува дилема и мислам дека ова прашање треба да се разреши во Министерството и да се образложи која е таа разумна сила на употреба, Посебно сакам да го истакнам членот 51 со кој како новина во законот се воведуваат посебните истражни мерки, а кои се воведуваат врз основа на амандманот 19 од Уставот на Република Македонија со кои се легализира прислушувањето. Во законот се воведуваат 8 посебни истражни мерки како што се: следење на комуникации, влезот во домот и други простории, увид и пребарување во компјутерскиот систем, тајно набљудување, следење и др. Посебните истражни мерки во предистражната постапка се определуваат само со наредба на јавниот обвинител, или истражниот судија, а со цел прибирање на податоци и докази неопходни за водење на кривична постапка и олеснување на гонењето на сторителите на кривични дела и особено на делата на организираниот криминал, корупцијата, перењето на пари и недозволената трговија со луѓе, недозволена трговија со оружје, дрога и други тешки форми на криминал. Сметам дека со воведувањето на посебните истражни мерки ќе се допринесе за поефикасна и побрза кривична постапка. Исто така новина претставува и членот 52 со кој се предвидува фоторобот и полиграфското испитување со писмена согласност на лицето, а неможе да се врши на деца до 14 години. Ова решение го сметам за позитивно во кривичната постапка. Ефикасноста на кривичната постапка ќе се подобри со воведување на членот 68 и 72 , а тоа е новината куќен притвор и краткотраен притвор кој неможе да трае подолго од 48 часа предвидени во членовите 68 и 72. Куќниот притвор и краткотрајниот притвор од 48 часа го определува истражен судија на предлог на јавниот обвинител. Исто така, сакам посебно да го истакнам воведувањето на новата Глава 19-а која се однесува на заштита на сведоците, соработниците на правдата и заштита на жртвите и која претставува усогласување со Меѓународните документи од оваа област. Имено, во законот се предвидува дека во текот на постапката јавниот обвинител, истражниот судија, или претседателот на Советот превземаат мерки и активности за обезбедување на ефикасна заштита на сведоците, соработниците на правдата и на

жртвите кога постои опасност да бидат изложени на заплашување, закана со освета, или опасност по животот, или физичкиот интегритет, или е потребна нивна заштита. Мерките на заштита се состојат во чување на тајност на идентитетот на сведокот и на соработникот на правдата, обезбедување на лична заштита, промена на местото на живеење , на вработување и дури промена на идентитетот со издавање на нови идентификациони исправи и други заштитни мерки. Сметам дека овие одредби многу ќе допринесат за поефикасна кривична постапка. Мошне позитивно ја оценувам исто така и одредбата донесување на пресуда без главен претрес која е нормирана во членот 149 за кривични дела од надлежност на судија поединец кога за тоа се располага со доволно докази. Јавниот обвинител може со обвинителниот предлог да му предложи на судот да донесе пресуда без одржување на главен претрес. На овој начин ќе се допринесе за забрзување на постапката кога се работи за кривични дела за кои е пропишана поблага казна во законот. Аналогно на кривичниот законик новина во овој закон се воведуваат и одредбите со кои се уредува постапката на правни лица што претставува усогласување со Меѓународните документи и сметам дека и ова е позитивно решение. Исто така сметам дека со овие мои забелешки и видувања во однос на предложениот закон ќе дадам свој допринос и се осврнав на она што сметав дека е позначајно и со забелешките од колегите и од комисиите Владата ќе ги има во предвид при изготвувањето на конечниот текст на законот, а при што законот го поддржувам донесувањето на овој закон и ќе гласам за него.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-ѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Јас сосема накратко би дала некои свои видувања околу овој предлог закон за измени и дополнувања на Законот за кривична постапка. Иако морам најнапред да изразам едно жалење што оваа расправа некако толку долго трае , иако немавме некоја реална расправа, затоа што колку што јас добро се сеќавам, ако не ме лаже сеќавањето, некаде на 24 март прв пат беше отворена оваа точка после обраќањето на министерот беше затворена, па на 26 па сега еве после два месеца , бидејќи сме некаде средина на мај . Така што целата оваа расправа некако се разводени и ги изгубивме сите факти и сите елементи што требаше овој битен закон да ги има. Меѓутоа, како и да е , јас пред се би кажала околу овој предлог. Јас лично не се

сложувам со предлог за измени и дополнување на Законот за кривична постапка од една проста причина што измените што ни се предлагаат се навистинамногубројни, внесуваат многу новини што според мене некаде преку 40% го менуваат постоечкиот закон за кривична постапка. Така што ценам дека предлагачот требаше да оди со комплетно нов предлог на закон и мислам дека ќе беше многу подобро решение и да одеше во фази во една редовна постапка и ќе можевме да донесеме многу поквалитетен закон од ова решение што сега се нуди. Јас незнам зошто предлагачот ценел да оди со предлог измени кога веќе преку 40% се вршат измени на постоечкиот Закон. Незнам колку со пречистениот текст кој ќе следи на овој закон сите овие измени добро ќе кореспондираат со постоечките норми кои ќе останат.

Инаку, јас предлагам министерот да размисли за ова и можеби да се премисли да оди комплетно со нов предлог. Меѓутоа, сега го имаме ова што го имаме и јас би кажала неколку свои забелешки.

Прво, да кажам дека навистина овој закон нуди доста новини, кои Ќе ја унапредат кривичата постапка, кои некои решенија ќе ги модернизира до сега што ги имавме во постапката и тоа е секако добро и е за пофалба. Во законот се појавуваат некои, за мене, дилеми и недоречености. Еве, да почнеме, во делот на кривичната пријава односно како сега ја крстат предистражна постапка, овде навистина се внесуваат голем број новини  во делот на откривање на сторителите и нивниот прогон. Во овој дел имам неколку забелешки.

Прво, би се осврнала на член 49, каде што се вели дека ќе се користи размна сила, колегата претходно дебатираше, за мене разумна сила органите на прогонот односно Министерството за внатрешни работи користи разумна сила, е навистина апстрактен и субјективен елемент. Зашто, навистина, не можам да знам како оној што ќе треба да ја употреби силата ќе знае кога и до кога употребата на сила е разумна. Значи, простор за зубјективно ценење на оној што ќе ја употреби силата таквите дефиниции, јас мислам дека во законот да се избегнуваат, да се побара и да се изнајде некое посоодветно решение и посоодветна дефиниција од оваа разумна сила.

Понатаму, во членот 52, каде што се воведува полиграфот и фоторототот. Ова се комплетно нови предлози, до сега не сме ги имале како такви во нашата постапка. Познати се во светот, кај нас до сега не се применувале, па еве и ние ќе ги воведеме и ќе видиме како ќе профункционираат и дали сме спремни да ги употребиме, дали сме доволно подготвени, бидејќи сепак се и доста контраверзни во

нивната употреба во светот. Од која причина предизвикуваат доста полемика околу валидноста како докази, а поготово ако имаме недостиг на други докази и тогаш се поставува прашањето дали можеме да се потпреме само на полиографот и фотороботот. Претпоставувам дека воведувањето на овие ќе предизвика извесна полемика во правниот свет околу нивната валидност, меѓутоа, останува да видиме и во некое поидно време да ги корегираме, доколку се појават недоразбирања околу примената на овие методи. Исто така, околу ова сакав да кажам дека, поготово, за полиографот познато е штетното влијание по здравјето на одредени категории на луѓе. Навистина, во предлогот е направен еден обид да се издвојат категориите на луѓе каде нема да се применува полиографот, поради неговото штетно влијание и каде тој ќе биде исклучен односно неговата примена се исклучува, но сепак по мое не е доволно тоа се концизно и јасно кажано, а со оглед на начинот на работењето на нашите органи на прогонот, барем до сега, мислам дека овде оставаме еден мал простор за злоупотреба на овие методи.

Нешто што, исто така, ме збунува е членот 77 односно измените околу притворот. Таму се вели дека по подигањето на обвинението притворот може да трае најмногу до една година за кривични дела за кои и е пропишана казна затвор до 15 години и до 2 години за кривично дело за кое може да се изрече казна затвор, доживотен затвор. Ова, навистина, кога го видов во Предлогот не можев да се изначудам од проста причина што за мене ако ве стават во притвор една или две години, тоа веќе не е никаков притвор, туку овде мерката притвор, по дефиниција е мерка за обезбедување на обвинетиот односно обезбедување присуство на обвинетиот во кривичната постапка, но кога ќе ве стават во притвор две години или една година, тоа е веќе казна, не е никаква мерка за обезбедување. Јас мислам дека должината на притворот во овој дел по подигањето на обвинението е навистина предолго и отвора простор, пред се, да го изолираме обвинетиот долго во притвор да го ставиме, тој притворот да го чувствува како казна. Понатаму, им даваме простор на судските органи да ја одолговлекуваат постапката, а секако тоа нас не ни е цел. Ние се залагаме за брзо и ефикансо судство, за брзо решавање на судските спорови, а со ставањето на обвинетиот во притвр до две години, да речеме, за потешките кривични дела, ние им даваме право на судските органи толку долго и да ја водат постапката. Значи, не сме го унапределе судството, туку сме дале простор за водење на долги постапки. Децидно сум овде против за времетраењето на притворот, затоа што јас се залагам за брзо и ефикасно судство. За мене неспоиво е брзо и ефикасно судство со можност за ставање на некого во

привор од две години, каде што притворот ќе помине наместо во мерка, во казна. Навистина, еден парадокс. Тоа би било околу тие неколку забелешки, имав и некои други ситни забелешки, меѓутоа, не се многу значајни, главно има добри решенија во Предлогот и можеби со некои дотерувања тие ќе се унапредат.

Би кажала уште некои работи. Во членот 142 односно новиот член 152, после точка а) доаѓаат б),в),г) и да не ги набројувам. кој внесува новини во истражните мерки, кои всушност значат усогласување на оној амандсман 19 од Уставот, кој неодамна беше донесен во Собранието. Меѓутоа, во амандманот 19 покрај ставот 1 постои ставот 2 каде се вели дека постапката за набљудување, следење и тн. треба да се пропише со посебен закон. Ваков закон, колеги сеуште ова Собрание не усвоило. Да не заборавиме дека ваквиот закон треба да се донесе и со двотретинско мнозинство, значи ние одиме чекор пред законот со ова решение, затоа што од сега не можеме да бидеме сигурни кога, дали ќе го донесеме тој закон, значи неизвесно е и кога ќе го донесеме и дали воопшто ќе го донесеме таквиот закон. Така да мислам одевме чекор напред и отвараме простор за злоупотреба. Мислам дека не треба да се брза со ваквото решение. Ние ако го донесеме ваквиот закон, после донесувањето на законот можеме да извршиме измени на Законот за кривична постапка. Така воглавном тие би биле некои мои поголеми забелешки на Предлогот и само би сакала да укажам дека постои една можност, свесно или несвесно, не знам да создадеме правна празнина.

Имено, негде ми се чини на почетокот на месец март ние го усвоивме Кривичниот законик, со кој утврдивме одговорност на правни лица како ново кривично дело. Во Законот за кривична постапка ние немаме постапка во досегашниот сеуште важечкиот Закон, немаме постапка како ќе постапуваме во случај кога имаме одговорност на правни лица. Таквото нешто е предвидено точно со овој закон, меѓутоа, овој закон сега ние го носиме во прва фаза и го разгледуваме, а она што го кажав на почетокот на моето излагање дека собраниската расправа трае повеќе од два месеци околу овој предлог, се плашам можеби во втората фаза ќе доцниме со овој закон, па може да ни се случи, јас колку што се сеќавам, мислам дека добро се сеќавам дека некаде во септември треба да почне да важат одредбите од Кривичниот законик околу ова дело за кое сега зборувам. Се плашам да не создадеме можност од правна празнина да почне да важи одредбата за одговорност на правните лица, а ние сеуште да немаме усвоено постапка како тоа ќе се процесуира. Укажувам со цел и со намера да не погрешиме и навреме да ја донесеме втората фаза на овој закон, а не да ни се случува да биде и

таа во собраниска процедура повеќе месеци или во владина, не дај Боже. Така, главно, тоа би биле неколку мои видувања и забелешки околу овој Предлог-закон, иако стојам на своето тврдење дека предлагачот требаше да оди со комплетно нов Предлог на закон, мислам дека решението ќе беше поквалитетно. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Министерот за правда, господинот Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам потпретседателке.

Почитувани пратеници,

Мене навистина ме радува фактот што по однос на расправата во врска со овој закон, навистина има добри и конструктивни дискусии со цел за подобрување на текстот на законот. Меѓутоа, не зедов збор за да реплицирам, но добро е по однос на две работи кои беа искажани да дадам објаснување, за да им биде појасно на пратениците.

По однос на забелешките за одредените членови, ние сигурно дека ќе ги имаме предвид сите овие забелешки при подготвување на законот за втората фаза. Меѓутоа, по однос на одредбите кои се однесуваат на специјалните истражни мерки, поготово за постапката за следење на комуникациите. Јас при првата расправа која ја прекинавме по однос на овој текст на Предлогот за донесување на закон имаше една ваква критика на адреса на Владата дека доцниме со подготовката на законот за постапката за следење на комуникациите и дека и тоа како е важен тој закон во целиот овој систем на казнивото право, да го имаме.

Јас би ве потсетил уште еднаш и вас госпоѓо пратеник дека тој закон е готов, подготвен уште со изгласувањето на амндманот 17 од страна на Собранието на Република Македонија. Сакам да кажам дека паралелно во Владата се работеше и на тој текст на закон, во Министерството за внатрешни работи. Знаејќи ја тежината на тој закон и знаејќи дека се работи за постапка која треба да се донесе со 80 гласа за на Собранието и дека тој закон треба да има еден поширок консензус не само од партиите на власта, туку и партиите кои се во опозиција. Неколку пати се одржаа работни состаноци и по однос на подготовката на тој текст на закон и последен пат уште пред два ипол месеци опозицијата го има добиено текстот на законот и тоа усогласениот. Во Министерството за внатрешни работи а и во Владата се очекува

мислењето да биде потврдено и во писмена форма од страна на опозицијата и тој закон ќе влезе веднаш во владина процедура. Еве, ја користам приликата во име на Владата на уште едно такво потсетување, за да ни помогнете и на нас како Влада, а и на Република Македонија да имаме што поскоро таков закон. Тоа е едно.

Второ, по однос на стравот дека овој закон требаше да се донесе односно да не се одолговлекува постапката и требаше да се донесе заедно и со Кривичниот законик, да не ни се случи поради одолговлечување на донесувањето на овој закон, евентуално да ни се создаде правна празнина во нашиот систем. Ве уверувам дека ако денеска Собранието ја утврди потребата за донесување на овој закон дека до крајот на месец мај вие како Собрание односно како пратеници ќе го имате и во втора фаза законот за изменување на Законот за кривична постапка, така што останува Собранието да го донесе. Верувам, со една навистина добра соработка ќе можеме најдолго за еден месец да го имаме и овој закон. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам министре.

Госпоѓа Ристана Лалчевска, реплика.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Јас му благодарам на господинот министер за некои појаснувања што ни ги даде. Меѓутоа, токму околу овој закон околу кој ги кршиме копјата, вие господине министре добро знаете дека сеуште не сме обезбедиле поширок консензус за изгласување на законот со двотретинско мнозинство. Вие овдека тврдите дека имало одредени разговори со политичките партии и договарања и дека тој закон е готов во Министерството. Јас не знам дали е готов во Министерството, меѓутоа сигурно е дека не е во парламентарна процедура и дали постојат некои вонапарламентарни процедури околу договарање или не, не знам. Јас сум во Парламентот, но не сум информирана, а не е ни информирана ни мојата пратеничка група, така што во Парламентот си постојат одредени работни тела, комисии преку кои треба да оди договарањето. Јас не сум информирана, а вие овдека тврдите дека навистина се приближуваме до консензусот за донесување на закон. Меѓутоа, тоа е проблем кој треба да го решите вие како предлагач. Јас она од што се плашам да не се случи, тоа е токму тоа да не го донесеме законот, а ние сега да избрзаме со донесување на решенија кои се врзани директно за таквиот закон. Тука токму го лоцирам својот став, зата што околу консензусот ние секогаш имаме некој

селективен пристап зависно од проблематиката која ја работиме. Меѓу другото, навистина, сакав да слушнам нешто околу притворот, но не ме удостоивте со објаснување, барем да ми кажете каде, во која земја постои притвор до две години. Барем толку. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине министре.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Да не се  сфати дека не би сакал да реплицирам и нема да реплицирам, туку само ќе се обидам да објаснам неколку работи. Ви тврдам дека на последната заедничка средба што беше по однос на подготовката на Законот за постапката за следење на комуникациите, постигната е апсолутна согласност. Договорот беше дека опозиционите политички партии кои се парламентарни, треба таа согласност што ја дадоа на текстот на законот, требаше да ја потврдат и по писмен пат. Сеуште во Владата очекуваме на тој одговор, но се разбира дека нема ние да чекаме до бескрај, затоа што на Република Македонија  и е потребен тој закон и тој закон би требало да се донесе и верувам дека ќе дадете придонес како опозиција во донесувањето на тој закон.

По однос на прашањето, бидејќи по втор пат ме прозивате за притворот. Вие го читавте само еден сегмент од делот на законот што го уредува начинот на обезбедување на осомничените лица. Кажав уште на почетокот дека сите забелешки ќе одат во насока на подобрување на текстот на законот. Ќе бидат разгледани со сета сериозност од страна на предлагачот. Ќе предлагаме, верувајте, ако навистина стојат забелешките во втората фаза ќе ги најдете во текстот на законот. Сега, не би сакал да се впуштам во тоа  да комуницирам со пратеници во вид на реплики. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Збор има господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министре,

Пред нас имаме прва фаза на еден извонредно важен и значаен закон, а тоа е законот за кривичната постапка. Стојат забелешките искажани од моите колеги пратеници дека навистина се направи еден вакум, сигурно не по наша вина, а тоа е од моментот на започнување на оваа расправа до моментот сега кога ја продолжуваме 55-та седница на ова Собрание. Мислам дека е апсолутно недопустиво да се направи еден толкав вакум за еден ваков важен законик, како што е законот за кривичната постапка.

Морам веднаш на почетокот да изразам едно мое големо задоволство дека овој закон претставува еден голем напредок во нашето законодавство. Имено, интегрирање на одредбите на стандардите, пред се, во кривичниот прогон од оние во Европската унија со нашето законодавство. Тоа е една работа.

Втора работа што е по мене уште побитна, мислам дека мерките и посебно одредбите кои се предвидени од страна на предлагачот, навистина се еден нов вистински квалитет во насока на едно модерно, ефикасно законодавство, законодавство кон кое се стремиме, а кое е еден од битните предуслови за нашето полноправно зачленување во Европската унија.

И, да не должам, пред нас е еден закон кој содржи 33 глави и во целост ги подржувам моите колеги кои пред мене истакнаа дека можеби самиот закон, Предлог на закон кој содржи 199 члена, можеби требаше да биде изработен еден нов закон. Таа забелешка стоеше и за измените на законот, на Кривичниот законик, меѓутоа мислам дека не е доцна и дека тежината сепка, од стручен аспект би ја префрлил во Министерството за правда, а не во ЗПК на Собранието на РМ од практични причини. Верувајте дека после усвојувањето, иако е ова  првата фаза, се надевам дека ќе се усвои и во втората фаза, од практични причини еден судија или обвинител ќе се најде во многу незгодна ситуација кко да ги примени тие одредби, тие нови модалитети,  што, повторувам не се мали, се работи за 199 членови, меѓутоа тоа е едната посериозна забелешка што лично сметам дека во втората фаза ќе биде надмината.

Што е она што посебно сакам да го кажам. Некои колеги можеби не ја сваќаат тежината на кривичната постапка,односнона законот што се предлага и затоа посебно бисакал да обрнам внимание на некои новитети што гиноси оваа нова кривична постапка, што се од извонредно практично значење. Особено ние сме многу актуелни и сме сведоци кога на некој пратеник ќе му одземеме имунитет, е тогаш дали бил надлежен орган или не бил надлежен орган за покренување на постапка. Меѓутоа, кога секој, недај боже, ќе го почувствува на своја кожа, на својот

роднина, пријател, комшија, ќе видите какви одредби содржи овој закон. Па,
би почнал со ред:

Како прво, сега, со новиот Предлог во Кривичниот законик се предлага да кривичната постапка, во неа се има само до три бранители. Мислам дека тоа е еден голем напредок од практични причини. Во една постапка, каде што се обвинети односно осомничени или е подигнат обвинителен акт на 10 обвинети лица, ако се наредат по тројца или по пет бранители, до каде ќе оди тој процес? Во таа насока, апсолутно го подржувам она што е содржано во Прелдогот.

Второ, се предлага секоја една нова измена, а тоа е до една година да се постави бранител по службена должност, исто многу добра новина, новина што претставува една ефикасност и забрзување на одредени процедури каде што НН лица , поради самиот факт што се недостапни на надлежните државни органи за прогон, на обвинителството , на судот и т.н. , постапката се одолговлеквуа во бесвест.

Тоа што посебно ме радува е што во новиот предлог на закон за кривичната постапка се одредени и роковите за донесување на пресудите. Имено, предвидено е да од моментот на изрекување на пресудата , до моментот на доставување на обвинетиот и бранителите, бидат поминати само 15 дена, а во исклучителнислучаи каде што се по комплицирани или посложени предмети, таквата пресуда биде доставена во рок од 60 дена. Лично сметам дека овие рокови се и текако прифатливи и многу корисни од повеќе аспекти. Прво, се добива во ефикасноста во самата постапка, а второ се овозможува на сите странки во постапката, пред се на бранителите, а би рекол и на јавниот обвинител да во еден разумен временски рок, поднесе определен правилник и трета работа добро е што за покомплицирани случаи, како што се кривични дела од најтежок вид (убиства, разбојништва, силување и т.н.) се остави доволен рок на самите судии, а тоа е рокот од 60 дена за изготвување на една солидна и квалитетна пресуда.

Постојат, навистина, и други бројни новини. Мислам дека со право овде беа кажани на некои предистражни постапки. Мислам дека како новина се сосема коректни и во ред, со тоа што можеби, можеби би требало како Министерство за правда и ние како Собрание да ги размислиме тие модалитети, модалитетите на нивното користење:

Полиграфско испитување - точно е тоа што го кажа мојата почитувана колешка дека постојат одредени категории на лица кои со себе или во себе носат одредени заболувања, кои што при секое едно такво испитување би можеле да

настанат и одредени штетни последици по здравјето на луѓето. Тука треба да бидеме внимателни. Мислам дека тоа законодавецот го предлага на еднењ определен начин. Можеби да поразмислиме, можеби да ја консултираме и Лекарската комора коиби биле оние модалитети и други кои би отишле во насока на заштита на здравјето на човекот. Добро е што на лица помлади од 14 година таквата метода не се применува.

Покрај полиграфското испитување имаме и испитување по пат на видео-ленти, по пат на видео-конференции и т.н.

Навистина, тоа се квалитетни одредби во склопот на европското законодавство.

Исто така, почитувнаи колеги, оној кој го читал Законто во доволна мерка, ќе забележи една одредба, а та е одредбата и квалитетна и нова, за прв пат во нашето законодавство, тоа е заштита на сведокот. Заштитата на сведокот, факт е дека ќе мораме да ја применуваме, посебно ког астанува збор за кривични дела што се однесуваат на организираниот криминал и , доколку, доколку успееме во таа насока, верувајте ние сме на доббра насока да добиеме една квалитетна правна држава. Бидејки доколку сведокот, денеска имаме разни ситуации, не сакаме да се навраќаме наназад, затоа штонашето мото е “Секогаш напред”, да видиме , значи, ако имаме одредена ситуација каде одредени лица , едноставно под страв, под закана или не знам каква работа не бидат заштитени, никогаш нема да се реализира остварување на правото односно профункционирањето на правната држава за конкретен случај. И истото се однесува и за жртвите од одредени настании во тој дел навистина станува збор за квлаитетни предлози на законот.

Постојат и други новини. Една од побитните новини е сигурно имотно-правното побарување, да сега, за прв пат, кривичниот судија, до сега имаше можност, меѓутоа да бидам искрен воопшто и во РМ такводо нешто не беше користено, да покрај изрекување на кривична казна односно санкција биде определено и имотно-правно побарување. До сега тоа беше регулирано  во атхезионата постапка, а сега се дава една голема можност тоа да се реши одеднаш, со што се постигнуваат најмалку две цели: од една страна оштетениот максимално бива заштитен во сферата и на имотот имотно-правното побарување , а од друга страна се скратува онаа процедура, значи прво да се донесе кривична пресуда, па потоа да се упатиоштетениот во имотно-правен спор да го остварува таквото свое побарување.

Конечно, мора да не радува еден многу битен факт, а тоа е последната глава околу екстрадицијата, каде што одредбите од оваа глава во Кривичниот законик, тоа е XXXИИИ глава, мислам дека се има една голема тенденција на заштита на граѓаните на РМ во однос на соседните, односно другите земји кои што би побарале таква екстрадиција. Тука се предвидени рокови, тука се предвидени и добри услови штокажуваат под кои услови би се извршила екстрадицијата и мислам дека тука е направен едне голем исчекор во една позитивна насока.

На крајот би сакал да завршам со следното, мислам дке астанува збор за ретко квалитетен закон, дека оваа расправа, исто така, покажа дека во ова Собрание покрај науката постојат и пратеници кои знаат да размислуваат и да предлагаат квалитетни решенија, а за да во тоа , господине минситре се уверите, ние амандмански во втората фаза ќе посочиме кои се тие решенија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Томиќ.

Повелете госпоѓо Иванова,имате збор.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Благодарам г-дине претседателе, колеги пратеници, г-дине минситре,

Денеска на дневен ред имаме Предлог за донесување на закон за измена и дополнување на Законто за кривична постапка со кој што се продолжува со реформите во кривично-правната материја. Овие реформи веќе ги отпочнавме со Кривичниот законик и делумно со Законот за јавно обвинителство. Понатаму продолжуваме. Ова, впрочем, нам ни е обврска што произлегува од Копенхагенските критериуми со кои што сме задолжени да спроведеме реформи во процесните закони.

Мене, искрено да ви кажам, ми е жал што денеска практично и не присуствув аопозицијата, бидејки се работи за еден доста сериозен закон што, примента на овојзакон, односно прецизноста на одредбите од овој закон би требало да ја гарантираат онаа максима “никој невин да не биде казнет, а виновниот да биде изведен пред лицето на правдата”. Овде требаше да имаме дискусии со аргументи, да се бориме сите заедно тука за подобрување на текстот на законот.

Меѓутоа, иако не се присутни поголемиот дел припадници на опозицијата, сметам дека ценејки го начинот на кој што се однесува и ги поддржаа до сега

донесените закони со кои што вршиме реформа во кривично-правната материја, не се сомневам дека ќе биде подржан и овој закон, бидејки има доста доволно причини за донесување на овој закон.

Причините се доста експлоатирани, меѓутоа сепак да напомнам дека основни причиниза донесување на овој закон е точно обврската од Копенхагенските критериуми за реформи во процесните закони, значи и во овој закон, односно Законот за кривична постапка, потоа веќе донесениот Кривичен законик и Законот за јавно обвинителство што е веќе во втора фаза во Собраниска процедура ,бидејки овие закони треба меѓусебе да се конзистентни и усогласени.

Потребата, исто така, како што знаете, ја налагаат и меѓународните документи на кои што сме потписници, а особено Конвенцијата на ОН против транснационалнито криминал, со која што пак сме обврзани со потпишување на оваа Конвенција, сме обврзани да вградиме стандарди во оваа материја со цел да се подготвиме за ратификација на оваа конвенција.

Друга причина што ја налага потребата од доенсување на овој закон е измената со Уставниот амандман ХИХ , со кое што се воведуваат специјални истражни мерки. Иако од претходната дискутанка колешката Лалчевска беше спомнато дека претходно требало да биде донесен законот за следење на комуникациите, јас мислам дкеа овие два закини, Законто за кривична постапка и Законто за следење на комуникации кој што е сигурно веќе во работна верзија и се работи во соработка со претставници на опозицијата, ќе биде конзистентен и усогласен.

На крајот, потребно е да вградиме во нашето кривично процесно право и компаративни искуства што ќе придонесат за кривичната постапка.

И сега, што ќе се постигне со измените со Законот за кривична постапка. Накратко само ќе акжам дека ќе имаме многу поефикасна кривична постапка која што ќе овозможи и обезбеди ефикасна борба против криминалот, сите видови криминал, а особенопротив организираниот криминал за којшто сесрдно сите се залагаме и ние и сите во светот.

Со измените на Законто за кривична постапка се зајакнува соработката и улогата на оргаите на прогон, се подобрува улогата на оштетените во кривичната постапка. Посебни новини се, како штокажав, воведување на истражните мерки, заштита на сведоци, посебна новина што ќе придонесе за поефикасни кривични постапки е донесување пресуда без главен претрес, изрекување на алтернативни

мерки, исто и воведување во Законот за кривична постапка посебни глави што се однесуваат на меѓународната правна помош во кривично-правните предмети.

Мојот говор би сакала да претставува афирмација на одредени членови, одредени решениај во Законто за кривична постапка, тоа се членовите од 7 до 12 што се однесуваат за изземање на судии, судички-судија, судија-поротник и претседател на судот. Ова е доста добро решение затоа што изземањето досега беше користено како инструмент за одолговлечување на постапката. Сега имаме доста јасни и прецизни решенија што ова ќе го оневозможат.

Потоа, исто така во функција на забрзување на кривичната постапка се и предложените решениај со што се предвидуваат кратки и прецизни рокови во случај на постапување односно откажување и отповиквуање н а полномошното на браниктелто на обвинетиот, кое што како институт беше често пати користено за одолговлечување на кривичните постапки и, заедно со изземањето практично овие институту беа злоупотребувани. Така што кривичните постапки се воде а и понеколку години.

Во насока, пак, на јакнење на институциите што ја водат кривичната постапка, посебно сакам да го потенцирам решението со кое што се заострува казната на учесниците во постапката кои усно или со поднесок ќе го навредат судот.

Одлично решение, според мене е решението со кое што сега судот, во кривичната постапка, задолжително ќе решава за имотно-правнит епобарувања. Досега, за имотно-правните побарувања на оштетените, односно оштетените се упатуваа во граѓанска парница и практично се оптоваруваше постапката соуште нова постапка, граѓанска постапка што од почеток се спроведува за докажување на штетата, а со ова се повеќе се зголемуваат процесните трошоци за еденист кривично-правен настан од кој што произлегла штетата.

Позитивно е, исто така, да се потенцира решението околу доставата. И ова , како институтот за изземање и отповикување на полномошното, најчесто се користеше за одолговлечување на постпката. Сега имаме прецизно решение кога се смета доставата за уредна.

На крајот да потенцирам, како позитивно, за она што имаме општ политички консензус сите, во функција на ефикасност на борбата против организираниот криминал, воведување на посебните истражни мерки и на крајот , заштита на сведоците.

Мојот говор не би значел ништо и не би вредел, доколку не би дала извесни мои забелешки,сугестии и мислења околу одредени решенија што ја смислам дека треба да бидат.

Прво ќе почнам од членот 12 од Предлогот со кој што се предлага по барање за изземање на јавнито обвинител на Република Македонија да одлучува министерот за правда.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Годспоѓо Иванова, колку да ве информирам, има уште десет минути.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Ќе завршам претседателе.

Сметам дека предложеното решение не е добро. Согласно Уставот, јавниот обвинител на РМ е единствен и самостоен државен орган што ги гони сторителите на кривичните дела. Тој е организиран врз основа на принципот на хиерархија или субординација во правниот поредок и вршењето на работите тој е оснвен носител и ексклузивно само тој ја остварува оваа функција.

Доколку остане ова решение каде што министерот за правда би одлучувал за изземање на јавнито обвинител, ќе имаме постојан оснвоен сомнеж за политички влијанија над работата на јавниот обвинител и мислам дека и постојното решение во досегашниот Закон за кривична постапка не е во согласнсот со Уставот, бидјеки местото и улогата што е одредена на јавниот обвинител со Уставот на РМ не дава можност з аизземање на јавниот обвинител. Доколку при практичното постапување има повреда на законската должност на јавнито обвинител, тогаш тоа го надминува контекстот на изземање како процесен акт и тогаш веќе се засега воодговорност на јавнито обвинител за вршење на неговата функција.

Втората моја забелешка с еоднесува на членот 17. Овде, моето размислување малку се разликува од размислувањата на мојот колега, г-динот Томиќ и овој член се однесува на бројот на бранителите на обвинетиот во кривичната постапка. Јас мислам дека е потребно да остане постојното решение, бидјеки само со додавање на една одредба со која што и известувањето и присуството на еден бранител од повеќето бранители на обвинетиот, да се смета дека е обезбедена одбрана на обвинетиот, практично ќе немаме можност за одолговлечување на постпката, а ќе дадеме можност на обвинетиот да ангажира пвоеќе бранители заради успешна негова одбрана.

Имам забелешка на решението од член 18 од Предлогот со кое што се предлага поставување на бранител на обвинетиот кој , според неговата имотна состојба не може да ги поднесува трошоците на одбраната.

Кога се води кривична постапка за кривично дело, за кое што е пропишана казна затвор над една година, постоечкото решение беше за кривично дело за кое што е пропишана казна затвор над три години. Незнам од кои причини се раководел предлагачот кога предложил едно вакво решение, но јас се обидов така аргументирано да најдам аргументи за и против. Аргумент за ова решение би бил дека гледано од аспект на заштита на правата на обвинетиот сигурно дека доколку според имотната состојба на обвинетиот навистина неможе да се ангажира бранител, да побара од судот, тогаш значи се гарантира заштита на неговите права. Меѓутоа ако се има во предвид дека овие трошоци за ангажирање на бранител по овој основ паѓаат на товар на Буџетот, се поставува прашање дали ќе бидеме спремни да го поднесеме ова финансиско оптоварување, а особено ако се има предвид - јас успеав да направам една мала статистика - дека поголем дел од кривичните дела за кои е предвидена казна затвор до 3 години, се кривични дела кои што се сторени од небрежност и учествуваат во општиот криминалитет со околу 50% од вкупниот годишен криминалитет, а за овие кривични дела побарале бранител, некаде околу 5% од вкупно обвинетите.

Имам една дилема по однос на одредбите кои се однесуваат на посебните истражни мерки. Таа е една дилема која што ми се јави а со цел да се избегне злоупотребата на примената на истражните мерки, сметам дека потребно е да се предвиди рок во кој што ќе се применуваат овие истражни мерки. До кога, на пример кога ќе нареди судот една посебна истражна мерка, до кога ќе се оваа истражна мерка ќе се применува. Се со цел ова да не биде злоупотребувана оваа истражна мерка.

Имам забелешка на член 68 на новиот член 182-а. Ова се однесува на куќниот притвор како посебна мерка за обезбедување присуство на обвинетиот и тоа на ставот 5 од овој член каде што е дадено овластување Министерството за внатрешни работи да врши надзор над куќниот притвор и без судски налог. Мислам дека оваа одредба е недоволно прецизна и може да се отвори можност за злупотреба, па Министерството за внатрешни работи да си земе за право во секој случај, или кога ќе им текне по нивно наоѓање да врши надзор на куќниот притвор. Затоа сметам дека оваа одредба треба да се доразработи кои ќе бидат тие случаи, кога без судски

налог ќе се овозможува Министерството за внатрешни работи да врши надзор над куќниот притвор.

Во член 102 од Предлогот кој се однесува на член 245 став 2 од ЗКП, членот 102 е нејасен, бидејќи предложените измени неможат да се вклопат во текстот и сигурно се работи за некоја грешка на повикување. Алтернативата дадена во член 111 од Предлогот, која се однесува на член 273 став 3, е поприфатлива. Со ова решение се предлага претседателот на Судскиот совет да може и без предлог на странките да нареде вештачења, а постојното решение да нареди прибавување на нови докази. Мислам дека алтернативата е поприфатлива, затоа што товарот на докажувањето во постапките е на странките во постапката. Значи на Јавниот обвинител и на обвинетиот а судот треба да ги цени предложените и изведените докази независно и непристрасно. Прифатливо е значи да бара вештачење судот, но за утврдување на материјалната вистина во конкретниот случај и ова право да биде порестриктивно користено.

И на крајот уште една забелешка имам, таа се однесува на членот 120 од Предлогот со кој што се врши измена на член 301 став 2, потребно е да се измени и ставот 1, не само ставот 2. Овој член се однесува на записникот за заседанието и сметам дека потребно е да се измени ставот 1 со тоа што записникот од заседанието да им се даде можност да го потпишуваат и Јавниот обвинител и бранителот на обвинетиот, бидејќи се тие учесници во постапката и со тоа ќе го оверат сето она што било преземено на заседанието односно на главниот претрес.

Еве ова би биле сите мои забелешки по однос на содржината на Законот. Очекувам дека ако не сите, дел од овие мои забелешки ќе бидат прифатени.

И на крајот да кажам дека овој закон, овој предлог е доста добро изработен и мислам дека треба да го поддржиме и да го прифатиме неговото донесување.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Иванова.

Точката Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за кривични постапки, на четвртото продолжение, ќе го разгледуваме на следната седница. Жалам, но денес задоцнивме еден час и тоа е вина на Парламентот делумно зошто не успеавме денес да ја завршиме расправата.

За дискусија се пријавени уште двајца дискутанти, а бев информиран од координаторот дека продолжение не е возможно бидејќи пратеничката група на ДУИ има состанок.

Во таа смисла, овде ја завршувам расправата.

Нема да имаме седници во четврток и петок, а како што сте запознати утре ќе одржиме свечена седница.

Веројатно во понеделник ќе продолжиме со оваа точка  по дневниот ред.

(Седницата прекина во 17,00 часот).